Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
" ГРАДОНАЧАЛНИК "

| ПРИМЕНО: | 23.02.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 1204-433 | | . | |

Архивски бр. 15-697/2

Дата:
15. 02. 2018

Општина Свети Николе
Плоштад Илинден бб.
2 220 Свети Николе
Република Македонија

Предмет: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 1204-433/9 од 22.01.2018

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. 15-697/1 од 26.01.2018 год. и по доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина УПВНМ за изградба на викенд населба, на м.в. „Трн Дол" на КП бр. 870, КП бр. 871/1, КП бр. 878 КП бр. 879, КО Сопот – Општина Свети Николе, а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење по содржината и обемот на документот.

Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.

Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Изработил: Милева Тагасовска

Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи